**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ„ СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

# ВОДИЧ ЗА СТУДИРАЊЕ

на втор циклус студии (постдипломски студии) - Кинезиолгија на Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје

Скопје, Јануари, 2026 г

СОДРЖИНА

I. ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

II. СТАТУС СТУДЕНТ

III. СТУДЕНТСКИ КАЛЕНДАР

IV. НАПРЕДУВАЊЕ

V. ИСПИТЕН РЕЖИМ

VI. ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ

VII. ТЕМПЛЕЈТИ НА ДОКУМЕНТИ (ОБРАСЦИ)

## I. ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

*Член 1*

Со овој водич се уредуваат: статусот студент, студентскиот календар, напредувањето на студентот, испитените режими, завршувањето на студиите, структурата и техничките правила за: пријава за отпочнување постапка, изработка и предавање на проект и изработка, техничко уредување и предавање на магистерски труд.

## II. СТАТУС СТУДЕНТ

*Член 2*

Статусот студент и член на академската заедница се стекнува со запишување на прв и втор циклус студии на Факултетот.

Студентот има статус студент на Втор циклус - Кинезиологија, само ако има запишано тековен зимски/летен семестар.

## III. СТУДЕНТСКИ КАЛЕНДАР

*Член 3*

По донесувањето на Универзитетскиот календар, Факултетот донесува Студентски календар, кој се објавува на почетокот на секој семестар на веб-страницата и на огласната табла на Факултетот.

Студентскиот календар содржи:

- наставен кадар што ќе ја реализира наставата на студиската програма;
- време и место на одржување на наставата (амфитеатар, предавална);
- облици на наставата (предавања, семинари, вежби, консултации, проверка на знаењата ;
- попис на литература за студиите и полагање на испитите;
- други упатства за наставата;
- термини за пријавување на испитите;
- распоред на термините за полагање на испитите, испитни рокови;
- други важни податоци за уредно изведување на студиската програма.

*Редовност на студентите на настава*

*Член 4*

Согласно студиската, односно предметната програма, студенти на втор циклус - Кинезиологија, должни се да ги посетуваат, односно да ги извршуваат сите облици на настава утврдени со предметната програма, за што може да се добијат соодветен број поени.

Евиденцијата за присуство и за активности на час се изразува во поени како што е предвидено со предметната програма.

## IV. НАПРЕДУВАЊЕ

*Напредување на студентот*

*Член 5*

Студентите напредуваат во студиите преку исполнување на обврските предвидени со студиската програма, полагање на испити, административна заверка на освоени кредити и запишување на наредна година, односно семестар.
Напредувањето по години, односно семестри е постапно.

*Запишување семестар*

*Член 6*

Студентот може да запише нови предмети од нареден семестар, во согласност со правилата за напредување утврдени во студиската програма.
☞ Запишувањето на предметните програми во нареден семестар се врши пред почетокот на соодветниот семестар. Студентот е должен да го запише семестарот по електронски пат и да поднесе писмена пријава во Одделението за студентски прашања во роковите за запишување на семестарот.
☞ Запишувањето се врши во период од 2 седмици пред почетокот на семестарот и не смее да трае повеќе од 7 дена од почетокот на семестарот.

## V. ИСПИТЕН РЕЖИМ

*Член 7*

☞ Студентот на втор циклус Кинезиологија има право да пријави испит доколку има добиено потписи од предметните наставници, со што се потврдува неговото исполнување на предвидените наставни обврски.
☞ Студентот ги остварил предвидените обврски доколку присуствувал на минимум 60 проценти од вкупниот број на часови.
☞ Студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма од одредена предметна програма и не добил потпис, не може да пристапи на испит.

*Член 8*

Предмет на оценување во рамките на предметната програма можат да бидат:
▪ вежби / практична работа / и сл.;
▪ семинарска задача;
▪ домашна работа;
▪ проектна работа;
▪ редовност;
▪ есеи/истражување на литература;

*Испитни рокови*

*Член 9*

Студентот има право да ги полага предметите во рамките на есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок. Периодот и траењето на сесиите се определуваат со Календарот за активности и неработни денови на Факултетот, за секоја учебна година, а со Студентскиот календар, распоредот на термините за полагање на испитите, за секоја испитна сесија.

Распоредот на испитите е задолжителен за студентите и за предметните наставници и соработници.

*Пријавување на испити*

*Член 10*

Студентите кои уредно го запишале семестарот ги пријавуваат испитите по предметите кои ги запишале во соодветниот семестар. Пријавувањето на испитите е по електронски и писмен пат. Електронското пријавување на испитот е преку системот за електронско водење на студентот (Iknow: iknow@ukim.edu.mk). По писмен пат, испитот се пријавува со пријавен лист во материјална форма која студентот ја доставува до Одделението за студентски прашања.

Предметниот наставник е должен да ги внесе конечните оценки во системот (вклучително и оценката 5 (пет) за електронско водење на студентот (Iknow), во рок од 5 (пет) работни дена од конечноста на оценката, и во овој рок е должен да ги достави пријавите до Одделението за студентски прашања заедно со потпишан извештај за завршното оценување.

*Изведување на испитите*

Член 11

Испитот може да биде: писмен, устен и комбиниран (писмен и устен).

☞ Студентот е должен за секој испит да изработи и предаде семинарска работа (во три примероци), и истата од страна на испитната комисија се оценува со прифатена/ неприфатена . Семинарската рабта заедно со пријавата се предава во службата за студентски прашања и истата е дел од досието на студентот.

☞ Испитите (Задолжителни и Изборни) на втор циклус студии-Кинезилогија се полагаат пред испитна комисија. Испитните  комисии се формира со решение на раководителот на студиската програма или на деканот, и е составена од три члена.

☞ Член на испитната комисија може да биде професор кој се наоѓа на листата на професори за Ментори и членови на испините комисии во прилог.

☞ Оценката се носи со мнозинство гласови на членовите на комисијата или со Концензус.
Оценката добиена на испитот е конечна.

☞ За текот на испитот и донесената оценка, испитната комисија составува записник, кој задолжително ги содржи: датумот и времето на полагање, составот на комисијата, предметот, краток опис на текот на испитот и утврдената оценка, потпишан од сите членови на комисијата.

☞ Оценката утврдена со записникот се евидентира во iKnow системот од предметниот наставник, по доставување на записникот до надлежната служба.

## VI. ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ

*Член 12*
Студентот ги завршил студиите од втор циклус-Кинезиологија, кога ќе ги положи сите испити, ќе ги исполни сите обврски предвидени со студиската програма и ќе изработи и успешно ќе одбрани магистерски труд. Со завршувањето на студиите од втор циклус и освоените кредити од првиот циклус, студентот се стекнува со најмалку 300 ЕКТС-кредити.

*Период на завршување на студиите*

*Член 13*
Студентите на втор циклус студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е двапати подолго од пропишаното траење на студиите, односно најмногу 2 (две) години (четири семестри) од почетокот на учебната година кога е извршен уписот на Факултетот за едногодишните студии, односно 4 (четири) години (осум семестри) за двегодишните студии. Рокот за завршување на студиите ја вклучува и третата испитна (последна) сесија предвидена за предметите запишани во летниотсеместар.

## МАГИСТЕРСКИ ТРУД

*Постапка за пријава, оценка и одбрана на магистерски труд*

*Член 14*
Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на студентот, со кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за нивниот натамошен развој.

*Член 15*
☞ Студентот може да пријави магистерски труд со освоени најмалку 30 ЕКТС-кредити за едногодишните, односно најмалку 90 ЕКТС- кредити за двегодишните студии од втор циклус-Кинезиологија или по положувањето на сите испити.
☞ Пријавата-Проектот за изработување на магистерскиот труд се поднесува до Наставно-научниот совет по претходно дадено позитивно мислење на наставно-научниот колегиум за втор циклус, по положувањето на предвидените испити.
☞ Пријавата-Проектот содржи: наслов на темата, образложение за научната оправданост на темата, план за работа и преглед на литературата.
☞ Насловот на темата и тезите ги предлага кандидатот во договор со менторот.
☞ Проектот кандидатот го презентира и го брани пред наставно-научниот колегиум за втор циклус. По излагањето на кандидатот, прашања врзани за проектот, можат да поставуваат сите присутни членови на колегиумот. По одржаната презентација, колегиумот дава мислење за проектот, компетентноста на кандидатот и предложениот ментор.
☞ Наставно-научниот колегиум за втор циклус-Кинезиологија може да одлучува ако на седницата присуствуваат најмалку половина од вкупниот број членови. Мислењето се донесува со мнозинство гласови од присутните членови.
☞ Одлука за прифатената тема за изработување на магистерскиот труд и за определување на менторот, по предлог на наставно-научниот колегиум, донесува Наставно-научниот совет на истата седница на која е прифатена темата.

*Член 16*

Менторот е наставник вклучен во студиската програма каде што е запишан студентот.
☞ Во текот на една учебна година, еден наставник може да биде определен за ментор за најмногу 12 кандидати кои изработуваат магистерски трудови.
☞ По образложено барање на кандидатот или менторот, Наставно-научниот совет може да донесе одлука за промена на менторот.
☞ Менторот на кој му престанал работниот однос поради исполнети услови за пензија, го задржува статусот ментор до завршување на постапката за одбрана на магистерски труд.
☞ Менторот се определува од редот на наставно-научните работници од потесната научна област од која е пријавен трудот, и се наоѓа на листата на Ментори и испитни комисии.
☞ По завршувањето на менторската фаза студентот до Наставно-Научниот Колегиум од втор циклус-Кинезиологија, заедно со Магистерскиот труд доставува барање за формирање комисија за оценка и одбрана на Магистерскиот труд.

*Упатство за пишување на магистерски труд*

*Член 17*

*Пријава за отпочнување постапка*

☞ Пријавата за отпочнување постапка за изработка на магистерски труд може да поднесе активен студент кој ги има исполнето дотогашните обврски предвидени со студиската програма, во рок и на начин утврден со актите на факултетот.
☞ Пред поднесување пријава, студентот е должен да оствари консултации со менторот, а по потреба и со други наставници од релевантната област, со цел прецизирање на темата, целите и методолошкиот пристап.

*Проект (предлог-проект за магистерски труд)*

☞ Студентот изработува проект, кој претставува основа за магистерскиот труд. Проектот треба да ги содржи клучните делови на научен труд, согласно методологијата за пишување научни трудови, и да овозможи јасно дефинирање на проблемот, предметот, целите и начинот на реализација на истражувањето.
☞ Проектот задолжително содржи насловна страна, на која се наведуваат: универзитет и факултет, наслов на проектот, име и презиме на кандидатот и менторот, место и година.
☞ Проектот се пишува согласно техничките правила утврдени со ова упатство (формат на страница, маргини, порамнување на текст, проред, фонт со македонска поддршка), со јасна структура и уредно наведување на користената литература.
☞ Стандардот за цитирање, наведување на референци и уредување на списокот на литературата во проектот е задолжително според правилата на APA 7 (American Psychological Association, 7th edition).
☞ Проектот се доставува во осум (8) примероци, спирално коричени.
☞ По одобрување на темата и по насоки на менторот, студентот изработува работна верзија на магистерскиот труд и ја доставува на проверка и консултации во роковите утврдени од менторот и факултетот.

☞ Магистерскиот труд претставува разработена и проширена верзија на проектот, со целосно разработени методолошки делови, прикажување на резултатите, нивна анализа и дискусија, како и јасно формулирани заклучоци и препораки, во согласност со целите на истражувањето.
☞ Магистерскиот труд содржи насловна страна која ги вклучува основните податоци за институцијата, насловот на трудот, кандидатот и менторот, а по потреба и податоци за комисијата и датумот на одбрана, согласно постапката на единицата.
☞ Трудот се пишува според техничките правила утврдени со ова упатство (формат на страница, маргини, порамнување, проред, фонт), при што јазикот треба да биде јасен, стручен и научно аргументиран, со логичен редослед на изложување и прецизна терминологија.
☞ Наводите, цитатите и парафразите мора да бидат јасно означени, а цитирањето во текстот и списокот на користена литература задолжително се изведуваат според APA 7 стандардот.
☞ Табелите и графиконите се подготвуваат и уредуваат според APA 7 стандардот (редоследно нумерирање, наслов, белешки под табела по потреба, јасни ознаки на променливи и мерни единици, и уредна презентација на статистички показатели).
☞ Табелите и графиконите се нумерираат по редослед на појавување и задолжително имаат реден број и наслов, со јасно наведени мерни единици, ознаки и извори на податоци (доколку се преземени).
☞ На крајот на трудот се наведува Литература, уредена согласно APA 7 стандардот.
☞ Прилозите (инструменти, согласности, дополнителни табели и материјали, етички документи и сл.) се приложуваат на крајот од магистерскиот труд, како посебен дел.

Предавање на трудот (примероци)

По завршување на менторската фаза и по добиена согласност од менторот дека трудот е подготвен за постапка, студентот доставува пет (5) примероци од магистерскиот труд, со барање да му се формира комисија за оцена на магистерскиот труд од три члена, согласно актите и ова упатство.
☞ По завршувањето на одбраната на трудот, комисијата за одбрана на трудот јавно ја соопштува оценката на одбраната на магистерскиот труд. Оценувањето се врши со описни оценки: го одбранил магистерскиот труд, не го одбранил магистерскиот труд. За текот на одбраната се води записник во кој се внесува оценката од одбраната. Записникот се потпишува од страна на членовите на комисијата.

# ТЕМПЛЕЈТИ НА ДОКУМЕНТИ (ОБРАСЦИ)

Овој документ содржи стандардизирани обрасци за постапката за пријава, оценување и одбрана на магистерски труд, како и за комисиско полагање испити на втор циклус студии.
Напомена: Цитирањето, референците и структурата на табели/слики/графикони во проектот и трудот задолжително се уредуваат според APA 7 (American Psychological Association, 7th edition).

**АНЕКС 1**

# БАРАЊЕ ЗА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

**УНИВЕРЗИТЕТ ''Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – СКОПЈЕ"**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**
**ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ**
**Наставно –научен совет на Факултет за физичко образование спорт и здравје**

**ПРЕДМЕТ: Пријава за отпочнување постапка за изработка на магистерски труд**

Јас, ___________________________________, Број на индекс: __________, Студиска програма: ______________________________, Контакт (email/телефон): ______________ како студент/студентка на втор циклус студии, поднесувам пријава за изработка на магистерски труд по кинезиологија, согласно студиската програма и важечките акти на Факултетот и Универзитетот.

1) Наслов на темата (на македонски и англиски јазик):

_________________________________________________________________________________

_________________________________________________________________________________

_________________________________________________________________________________

Консултаци околу темата и проектот се направени со ________________________.

Во прилог на барањето Ви доставувам шест (6) печатени примероци од проектот за магистерскиот труд.

Однапред Ви благодарам!

Датум _____________ **Потпис на кандидатот**

Скопје ______________________

**АНЕКС 2**

# МИСЛЕЊЕ ПО ДОСТАВЕНАТА ПРИЈАВА ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

**Орган: Наставно-научен колегиум за втор циклус студии - Кинезиологија**

Број: _________________

Датум: ________________

До: Наставно-научниот совет на ФФОСЗ - Скопје

**ПРЕДМЕТ: Мислење по доставената пријава за изработка на магистерски труд**

Кандидат/кандидатка (име и презиме): ____________________________________________

Број на индекс: ______________________

Наслов на темата: ______________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Предлог-ментор: _______________________________________________

Наставно-научниот колегиум, по разгледување на пријавата и приложениот проект, и по извршена презентација/одбрана на проектот од страна на кандидатот, го дава следново мислење:

1) Оценка на научната оправданост и актуелност на темата:

________________________________________________________________________________

2) Оценка на јасноста на проблемот/предметот, целите и истражувачките прашања/хипотези:

________________________________________________________________________________

3) Оценка на методолошката изводливост (примерок, инструменти, постапка, статистички план, етички аспекти):

4) Оценка на прегледот на литературата и теоретската заснованост:

5) Оценка на усогласеноста на темата со студиската програма и компетентноста на кандидатот:

**ЗАКЛУЧОК:**

[ ] Се дава позитивно мислење за пријавата и предлог-менторот.

[ ] Се дава позитивно мислење со забелешки/корекции (да се наведат):

[ ] Се дава негативно мислење (со образложение):

Мислењето е донесено со мнозинство гласови од присутните членови.

Раководител на колегиум: ______________________________ Потпис: ____________________

Секретар: ______________________________ Потпис: ____________________

**АНЕКС 3**

# БАРАЊЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

**УНИВЕРЗИТЕТ ‘’Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – СКОПЈЕ“**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**
**ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ**
**Наставно –научен совет на Факултет за физичко образование спорт и здравје**

**ПРЕДМЕТ: Барање за формирање рецензентска комисија за оцена на магистерски труд**

Кандидат/кандидатка (име и презиме): ____________________________________________

Број на индекс: ___________________________________

Наслов на магистерски труд: ______________________________________________________

________________________________________________________________________________

Ментор: ____________________________________

Со ова барам да ми се формира рецензентска комисија за оцена на доставениот магистерски труд.

**Прилог:**

- Печатени примероци од магистерскиот труд: (_____)
- Електронска верзија (по потреба)

Однапред Ви благодарам!

Датум ______________ **Потпис на кандидатот**

Скопје ______________________

**АНЕКС 4**

# МИСЛЕЊЕ ПО ДОСТАВЕНОТО БАРАЊЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Орган: Наставно-научен колегиум за втор циклус студии - Кинезиологија**

Број: ____________

Датум: __________

До: Наставно-научниот совет на ФФОСЗ - Скопје

**ПРЕДМЕТ: Мислење по доставеното барање за формирање рецензентска комисија за оцена на магистерски труд**

Кандидат/кандидатка: ___________________________________________

Број на индекс: ________________________

Наслов на трудот: ___________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________________

Ментор: ____________________________________________________________

Колегиумот, по разгледување на доставеното барање и приложените примероци од магистерскиот труд, дава:

[ ] Позитивно мислење за формирање рецензентска комисија за оцена на трудот.

[ ] Позитивно мислење со забелешки (да се наведат):

_________________________________________________________________________________

[ ] Негативно мислење (со образложение):

_________________________________________________________________________________

**Предлог состав на рецензентска комисија (три члена):**
**Комисија:**

| Бр. | Име и презиме | Звање | Катедра/област | Институција | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |

Мислењето е донесено со мнозинство гласови од присутните членови.

| | | |
|---|---|---|
| Раководител на колегиум: | ________________________________ | Потпис: ______________________ |
| Секретар: | ________________________________ | Потпис: ______________________ |

**АНЕКС 5**

# ИЗЈАВА ЗА ОРИГИНАЛНОСТ НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Јас, ______________________________________________име и презиме), со број на индекс ____________, изјавувам дека магистерскиот труд со наслов: ____________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

е резултат на моја самостојна работа и претставува оригинално авторско дело.

**Изјавувам дека:**

1) Сите користени извори се јасно наведени, цитирани и референцирани во текстот и во списокот на литературата.

2) Цитирањето, референците и списокот на литература, како и структурата на табели/слики/графикони, се изработени согласно APA 7 (American Psychological Association, 7th edition).

3) Трудот не содржи плагијат, ниту делови преземени без соодветно наведување на изворот.

4) Се согласувам трудот да биде архивиран и користен согласно правилата на Факултетот и Универзитетот.

Датум: ____________

Скопе

Потпис:

______________________________

**АНЕКС 6**

# ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА/ОДБРАНА НА ПРОЕКТ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Предмет: Магистерски студии - втор циклус (Кинезиологија)

Датум: _________________

Место: ______________________

Име и презиме на кандидатот: ____________________________________________

Број на индекс: ___________________________________

Наслов на проектот: _________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________________

Предлог-ментор: __________________________________________________

**Присутни членови на Наставно-научниот колегиум:**

| Бр. | Име и презиме | Звање | Катедра/област | Институција | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |

**Кратка содржина на презентацијата и дискусијата:**

_________________________________________________________________________________

_________________________________________________________________________________

_________________________________________________________________________________

**Заклучок и донесена одлука:**

[ ] Проектот се прифаќа без забелешки.

[ ] Проектот се прифаќа со забелешки/корекции (да се наведат):

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

[ ] Проектот не се прифаќа (со образложение):

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Одлуката е донесена со мнозинство гласови од присутните членови.

Раководител на колегиум: ____________________________ Потпис:

____________________

Секретар: ____________________________ Потпис:

_ ____________________

**АНЕКС 7**

# ЗАПИСНИК ЗА КОМИСИСКО ПОЛАГАЊЕ ИСПИТ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

Број: _______________

Датум: ______________

Место: ______________

Кандидат/кандидатка (име и презиме):_______________________________________________

Број на индекс: ___________________

Предмет: _________________________________________________________________________

Студиска програма: _________________________________________________________________

**Испитна комисија (три члена):**

| Бр. | Име и презиме | Звање | Катедра/област | Институција | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |

**Напомена за состав на комисијата:**

Комисијата се формира со решение на раководителот на студиската програма или на деканот. Еден член е наставник од избраниот предмет, вториот член е наставник од исто или сродно наставно-научно подрачје (потесно подрачје на предметот), а третиот член е раководителот на студиската програма или деканот, или лице определено од нив од друго наставно-научно подрачје.

Членови на испитни комисии можат да бидат определени наставници кои имаат релевантни научни резултати, потврдени со објавени научни трудови во релевантни научни списанија индексирани во Scopus и/или Web of Science Core Collection (Clarivate), кога таков кадар е достапен.

**Тек на испитот (краток опис на прашања/задачи и одговори):**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

**Оценување:**

Оценката се носи со мнозинство гласови на членовите на комисијата и е конечна.

Утврдена оценка (5-10): ________________________________

**Записник и евиденција:**

За текот на испитот и утврдената оценка, испитната комисија составува записник, потпишан од сите членови на комисијата. Оценката утврдена со записникот се евидентира во iKnow системот од предметниот наставник.

Потписи на членовите на комисијата:

| | |
|---|---|
| Член 1: | ________________________ |
| Член 2: | ________________________ |
| Член 3: | ________________________ |

**АНЕКС 8**

# ПОСТАПКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НАУЧЕН СТЕПЕН МАГИСТЕР ПО КИНЕЗИОЛОГИЈА

Кандидатот ____________________, по завршувањето на испитите предвидени со планот и програмата за Последипломски студии на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, пријави проект за изготвување на магистерски труд под наслов „_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________“.

Врз основа на член 31 од Статутот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје и член 23 од Правилникот за единствените основи за организирање на последипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје донесе одлука со која проф. д-р _____________________ е определен за ментор.

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје донесе одлука со која е определена комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот ____________________, во состав: д-р ___________________ – редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - ментор, д-р _____________________ – вонреден професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - член и д-р ___________________ – редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - член.

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на седницата одржана на ______________ година, донесе олука да се прифати позитивниот извештај на Рецензентската комисија и истата да ја спроведе јавната одбрана на магистерскиот труд под наслов „____________________________________________________
________________________________________________________________“, која е закажана за _______________ година во ______________ часот, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје

**АНЕКС 9**

# ЗАПИСНИК

ЗА ИЗВРШЕНА ЈАВНА ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

Согласно Правилникот за општите услови и постапката за организирање постдипломски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје чл. 53 од Правилникот на Факултетот за Физичко образование, спорт и здрвје, на ден ______________ година е одржана одбрана на магистерскиот труд на кандидатот __________________ на тема „_________________________________________________________________
__________________________________________________________________",
пред комисијата во состав: д-р ___________________ – редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - ментор, д-р ______________________– вонреден професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - член и д-р ___________________________ – редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - член.

Врз основа на презентираниот материјал и одговорите на поставените прашања Комисијата едногласно оцени дека кандидатот ____________________________ успешно го одбрани магистерскиот труд и се стекна со право да го носи научниот степен **МАГИСТЕР ПО КИНЕЗИОЛОГИЈА.**

СКОПЈЕ
____________ год.

1. Проф. д-р Име и презиме - ментор

___________________________________________

2. Вонр. проф. д-р Име и презиме - член

___________________________________________

3. Проф. д-р _ Име и презиме - член

___________________________________________

**АНЕКС 10**

**ДО НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ СКОПЈЕ**

**ИЗВЕШТАЈ**

Од одржаната јавна одбрана на магистерскиот труд под наслов: "_____________________________________________ " на ______________________________.

Согласно Статутот за општите услови и постапката за организирање последипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, чл. 59 став 1 точка 3 од Статутот на Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје, на ден __________ година, одржана е јавна одбрана на магистерскиот труд на кандидатот Ирена Витина под наведениот наслов, пред Комисијата во состав: д-р _________________________ – редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - ментор, д-р _______________________ – вонреден професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - член и д-р _______________________ – редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - член.

Врз основа на презентираниот материјал и одговорите на поставените прашања, Комисијата едногласно оцени дека кандидатот ______________________ успешно го одбрани магистерскиот труд и се стекна со научниот степен **МАГИСТЕР ПО КИНЕЗИОЛОГИЈА**

СКОПЈЕ
_____________ год.

1. Проф. д-р Име и презиме - ментор

___________________________________

2. Вонр. проф. д-р Име и презиме - член

___________________________________

3. Проф. д-р Име и презиме - член

## Технички правила за подготовка на магистерскиот труд

# 1. Формат и техничко уредување на документот

Магистерскиот труд се подготвува како научно-стручен текст со јасен, терминолошки прецизен и логички поврзан стил на изложување. Текстот треба да биде уреден, конзистентен и лесно читлив, со единствено применети технички правила во целиот документ.

### 1.1 Формат на страница и маргини

Форматот на трудот е А4. Маргините задолжително се поставуваат како што следува:
Горе: 2,5 cm
Долу: 2,5 cm
Лево: 3,0 cm
Десно: 2,0 cm

### 1.2 Фонт и големина

Се користи фонт Times New Roman (со македонска поддршка). Големината на фонтот е 12 pt за основен текст, подглави и 14 pt за наслови на глави (bold).

### 1.3 Порамнување и проред

Текстот се порамнува двострано (justified). Проредот во основниот текст е 1,5. Препорачливо е конзистентно форматирање на пасуси (исти стилови за поднаслови, пасуси и цитати), без мешање на различни стилови во рамки на исто поглавје.

# 2. Структура на магистерскиот труд

Магистерскиот труд најчесто се организира во следниве глави и редослед:

1. ВОВЕД
2. ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА
3. ПРОБЛЕМ, ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО
4. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО
5. РЕЗУЛТАТИ
6. ДИСКУСИЈА
7. ЗАКЛУЧОЦИ
8. ТЕОРЕТСКО И ПРАКТИЧНО ЗНАЧЕЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО
9. ЛИТЕРАТУРА
10. ПРИЛОГ

Во „Прилог“ се вклучуваат инструменти, согласности, дополнителни табели/материјали, етички документи и други релевантни прилози.

# 3. Начин на цитирање и подготовка според АПА 7

Сите наводи, цитати и парафрази мора да бидат јасно означени. Цитирањето во текстот, списокот на литература, како и уредувањето на табели и графикони, задолжително се изведуваат според АПА 7 (American Psychological Association, 7th edition).

### 3.1 Цитирање во текстот (in-text citations)

Основните форми на цитирање во текстот се:

Парафраза: (Презиме, година) - пример: (Ortega et al., 2005)
Наративно цитирање: Презиме (година) - пример: Orteg et al. (2005) истакнуваат дека...
Два автори: (Презиме1 & Презиме2, година) - секогаш се наведуваат двата автори.
Три или повеќе автори: (Презиме et al., година) - се користи уште од првото цитирање.
Повеќе извори во иста заграда: (Автор1, 2019; Автор2, 2021) - по азбучен ред.
Цитирање на конкретен дел: (Автор, година, стр. x) - задолжително кај директни цитати.
Директните цитати задолжително се придружуваат со број на страница (стр.) или еквивалентна локација. Подолг цитат (40 или повеќе зборови) се прикажува како издвоен блок-цитат (block quote), без наводници, со наведена референца.

**3.2 Цитирање на табели, графикони и фигури**
Секоја табела или графикон/фигура мора да биде спомната во текстот (на пр., „како што е прикажано во Табела 2"). Доколку табела или фигура е преземена или адаптирана, под неа се додава белешка со јасно наведен извор (на пр., „Note. Adapted from ..."), согласно АПА 7.

## 4. Табели и графикони (АПА 7)

Табелите и графиконите се подготвуваат професионално, со јасни ознаки и минимална визуелна пренатрупаност. Секој елемент треба да биде разбирлив и при читање одделно од текстот (самостојно читлив).

**4.1 Нумерација и наслови**
Табелите и графиконите се нумерираат по редослед на појавување во текстот. Над секоја табела/графикон се наведува редниот број и информативен наслов. Насловот треба да биде краток, јасен и да го опишува содржајот (пример: „Табела 3. Дескриптивни параметри..."; „Графикон 2. Распределба по зони...").

**4.2 АПА 7 форматирање на табели**
Во табелите јасно се наведуваат променливите, мерните единици и статистичките показатели (на пр., M, SD, N, p). Табелите се уредуваат со чиста структура (вообичаено без вертикални линии), со конзистентна терминологија и интерпункција. По потреба, под табелата се додаваат белешки (Notes) за објаснување на кратенки, специјални ознаки, услови на мерење или извор на податоци.

**4.3 АПА 7 форматирање на графикони/фигури**
Графиконите/фигурите мора да имаат јасно означени оски, мерни единици и легенда (доколку има повеќе серии). Да се избегнуваат 3D ефекти, непотребни украси и визуелна пренатрупаност. Доколку има статистички ознаки (на пр., p-вредности), тие треба да бидат објаснети во белешка под графиконот/фигурата.

## 5. Литература (References) според АПА 7

Во списокот „Литература" се наведуваат само оние извори кои се цитирани во текстот. Литературата се подредува азбучно по презиме на првиот автор. Секој запис треба да биде уреден и конзистентен, согласно АПА 7.

**5.1 Примери за референци (АПА 7)**
**а) Учебник/монографија (книга):**
Презиме, И. И. (Година). Наслов на книгата: Поднаслов. Издавач.

**б) Поглавје во уредена книга:**
Презиме, И. И. (Година). Наслов на поглавје. Во И. И. Презиме (Ур.), *Наслов на книгата* (стр. xx-xx). Издавач.
**в) Научен труд во списание:**
Презиме, И. И., Презиме, И. И., & Презиме, И. И. (Година). Наслов на трудот. *Наслов на списанието,* том(број), xx-xx. https://doi.org/xxxxx
**г) Други извори (веб-страница/извештај/институционален документ):**
Институција/Автор. (Година, месец ден). Наслов на документ/страница. Сајт/издавач. URL
Забелешка: Доколку веб-изворот нема датум, се користи ознаката (n.d.). Доколку постои DOI, се наведува DOI како URL. Сите записи треба да бидат во ист формат и со исти интерпункциски правила, согласно АПА 7.

## Анекс X - Насловна страница на магистерскиот труд

Насловната страница се уредува согласно институционалниот идентитет на УКИМ и ФФОСЗ и ги содржи основните податоци за трудот. Подолу е даден образец кој може директно да се преземе и пополни.

Втората страна содржи: Име и презиме на Менторот, членовите на комисијата како и нивните титули и институцијата
На дното од страницата се Научната област и полето како и датум на одбрана
Наредната страна содржи Абстракт на македонски и Англиски јазик

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” – СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ПО КИНЕЗОЛОГИЈА

# НАСЛОВ НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

(Магистерски труд)


Кандидат:
**Име, презиме**

Ментор:
**Проф. д-р Име, презиме**


**Скопје**
**месец, година**

*Ментор:* *д-р Име и презиме, редовен професор, Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје*

*Комисија:*

*д-р Име и презиме, редовен професор, Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје*

*д-р Име и презиме редовен професор, Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје*

*Општествени науки - Кинезиологија*

*Научна област: Применета Кинезиологија*

*Датум на одбрана XX.XX. 202X*

**АБСТАРКТ**